# Долготрајно полномошно (Лекување)

*Планирање на одлуките за лекување во иднина*

Enduring Power of Attorney (Medical Treatment) - Macedonian

## Што е тоа долготрајно полномошно (лекување)?

Долготрајно полномошно (лекување) е правен документ каде што вие (донаторот) назначувате некого (претставник) да донесува здравствени решенија за вас. Ова може да вклучува согласност за лекови, операција и други здравствени постаки.

Долготрајно значи дека продолжува (долготрајно) кога вие не сте во можност да донесувате решенија за вас.

## Како тоа функционира?

Вие ќе потполните и ќе потпишете формулар за долготрајно полномошно (лекување) во присуство на сведок – ополномоштуувајќи некого кого вие сте го избрале.

Полномошното ќе започне да важи кога вие нема да можете да донесувате решенија.

Решенијата на вашиот претставник ќе имаат иста правна сила како вие самите да сте ги направиле.

## Зошто би ополномоштил некого?

Ние препорачуваме секој да направи полномошно (лекување). Тоа е единствениот начин да контролирате кој ќе донесува решенија во ваше име ако самите не сте во состојба. Вие може да ја изгубите способноста да донесувате решенија за секогаш, заради деменција или заради повреда на мозокот во автомобилска несреќа, или привремено со губење на свеста како последица од болест.

## Какви решенија може да донесува претставникот?

Претставникот може да се согласи или да одбие медицинско лекување вклучувајќи ваше учество во медицинско истражување. Тој може да одбие медицинско лекување ако:

- лекувањето може да предизвика преголем стрес, или
- претставникот смета дека вие би го сметале лекувањето за неоправдано.

Решението на претставникот е посилно од решение на постојан старател кој сте го назначиле и кој има овластување за здравствени работи.

Долготрајно полномошно (лекување) не може да се користи за донесување на финансиски, правни или старателски решенија. За повеќе информации за овие видови на полномоштва прочитајте ги другите информативни листови издадени од страна на Office of the Public Advocate (OPA) – *Долготрајно полномошно (Финансиско)* и *Долготрајно полномошно за старателство*. Погледнете го и Превземете контрола, формулари за полномошно.

## Има ли здравствени решенија за кои мојот претставник не може да се согласи?

Претставник не може да се согласи (да одобри) за следните здравствени постапки кои:

- може да доведат до неплодност
- прекинување на бременост
- земање на ткиво за пресадување.

Пред да се изврши било која од овие постапки претставникот мора да бара одобрение од Guardianship List при Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT).

Забелешка: Претставникот не може да одбие здравствено лекување заради намалување на болка или страдање кога лицето умира (palliative care). Погледнете го информативниот лист на OPA *Одбивање на здравствено лекување* за повеќе информации.

## Кој може да избере претставник?

Вие може да изберете претставник ако сте постари од 18 години и имате способност да направите избор.

## Што е тоа способност за избор?

Вие имате способност да направите избор ако имате способност да ги:

- разбирате,
- памтите,
- верувате,
- проценувате (на пр. процес), и
- одмерувате

информациите кои се важни за да назначите претставник. Информациите кои се важни вклучуваат:

- овластувањата на претставникот
- дека овластувањето ќе стапи на сила ако ја изгубите можноста да донесувате решенија за лекување

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

- дека може да ги повлечете овие овластувања додека ја имате способноста
- штом еднаш ја изгубите способноста не ќе можете повеќе да ги надгледувате овластувањата.

Ако немате доволно способности, ‘одговорното лице’ (обично близок член на семејството или неплатен згрижувач) или старател назначен од VCAT ќе може да донесува решенија за здравствено лекување за вас.

За повеќе информации погледнете ги информативните листови на OPA *Здравствено/забно лекување за пациенти кои не можат да одлучат* и *Старателство.*

## Избор на претставник

Претставникот мора да биде постар од 18 години и да има способност да биде ваш претставник. Вие може да назначите било кое лице под услов лицето да се согласи.
Тоа треба да биде некој кому му верувате за истото да ги почитува и извршува вашите желби.
Вие може да назначите и второ лице (алтернативен претставник).
Тоа лице може да донесува решенија во ваше име само кога првиот претставник не е во можност за тоа.

## Одговорности на претставникот

Претставникот мора:

- да дејствува во ваш најдобар интерес
- секогаш кога е можно, да донесува решенија какви што вие би направиле
- да избегнува ситуации на конфликт на интерес.

За претставникот подобро да ги разбере вашите гледишта за можните здравствени постапки (на пример користењето на систем за одржување во живот), ви препорачуваме да дискутирате за ова со него и да ги запишете вашите желби.

Кога донаторот ќе умре, и доготрајното полномошно (лекување) завршува.

## Како да направам доготрајно полномошно (лекување)?

Тоа е лесно да се направи. Тоа не треба да биде направено од страна на правник.

Сведоците кои ќе го потпишат формуларот треба да бидат сигурни дека вие, како донатор, знаете што правите (имате способност) кога го потпишувате полномошното. Постојат ограничувања за тоа кој може да биде сведок.

Ако вашата способност е под сомнение треба да се ангажира независен медицински проценувач. Би било добро да се побара и правен совет.

Формуларите за составување на полномошно може да се симнат од www.publicadvocate.vic.gov.au. Овие формулари може да се најдат и во поголемиот број на продавници за весници и продавници за правни обрасци.

Вие може да го користите и комплетот *Превземете контрола* – за составување на полномошна и старателства. Тоа може да се порача од Victoria Legal Aid на www.legalaid.vic.gov.au, или да се симне од www.publicadvocate.vic.gov.au.

## Можам ли да се предомислам?

Вие може да го прекинете (отповикате) назначувањето во секое време под услов да ја разбирате природата и последиците од отповикувањето на полномошното. Полномошното може да го отповикате со известување на претставникот дека неговото овластување е повлечено или со уништување на документот за полномошно и сите постоечки копии. OPA препорачува да го потполните и формуларот Отповикување на долготрајно полномошно и да му испратите примерок на вашиот адвокат.

Ако назначите друг претставник сите претходни назначувања автоматски се отповикани, меѓутоа сепак би требало да го известите првиот претставник дека неговите овластувања се повлечени.

## Заштита

Формуларот не мора никаде да го регистрирате или пријавите. Треба да го чувате оригиналот на безбедно место и да чувате заверен примерок за секојдневно користење. Треба да му дадете примерок на секој кој е вклучен во грижата за вас, како на пример лекарот. Ако претставникот не делува во ваш најдобар интерес VCAT може да го отповика или прекине доготрајното полномошно. Секој кој има искрен интерес за вашиот добробит може да побара од VCAT да ги разгледа постапките на претставникот. VCAT има итна служба која работи 24 и која може да назначи старател кој ќе ги превземе решенијата за здравствено лекување ако полномошното е отповикано. Јавете се на OPA за совет и повеќе информации.

## Препораки за претставниците

Ако претставник не е сигурен што треба да прави во определена ситуација, може да се јави на OPA Advice Service или на VCAT за помош.

## Пристап до здравствени податоци

На вашиот претставник може да му требаат здравствени информации за вас заради донесување решенија за вашата грижа. Ако не сте во состојба да дадете одобрување за користење на здравствените податоци вашиот претставник ги има тие права во ваше име. Претставникот, кој делува во оваа улога, е познат како ваш ‘овластен претставник’.